*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

# ПУБЛИКАЦИЈА бр. 13
## Март – Април 2008
## ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Содржина во овој број:***


***1 Настани кои го одбележаа финансискиот пазар во изминатиот период***

***1.1 Движења на примарниот пазар на ДХВ во Република Македонија***
***1.2 Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Република Македонија***
***1.3Преглед на сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење***

***2 Пазар на државни хартии од вредност***

***2.1 Примарен пазар***
***2.2 Секундарен пазар***
***2.2.1 Македонска берза***
***2.2.2 Пазар преку шалтер***

***3 Календар на аукции за вториот и третиот квартал во 2008 година***

***4 Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)***

***5 Контакти***


***Април, 2008***

# 1 НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## 1.1 Движења на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија

Она што беше карактеристично за пазарот на државни хартии од вредност во периодот март - април 2008 година, а произлезе како резултат на глобалниот тренд на зголемување на инфлацијата во светот и во Република Македонија, како и зголемувањето на каматните стапки на благајничките записи на Народна Банка на Република Македонија*, е зголемувањето на каматните стапки кај сите рочности на државните хартии од вредност. Во текот на март Министерството за финансии на Република Македонија донесе одлука за замена на тендерот со каматни стапки (примена на повеќекратни каматни стапки) во тендер со износи (примена на фиксна каматна стапка) на сите аукции и кај сите рочности. Со примена на тендерот со износи, каматната стапка кај 3-месечните државни записи на аукциите реализирани во март и април беше позиционирана на 6.10%, кај 6-месечните државни записи беше позиционирана на 6.30%, додека кај 12-месечните државни записи беше позиционирана на 6.50%. На аукцијата на 3-годишната државна обврзница која се одржа во март, беше понудена купонската каматна стапка од 6,75%, додека на аукцијата на 2-годишната државна обврзница која се одржа во април, беше понудена купонската каматна стапка од 6,95%.

Доколку се направи анализа на движењата на каматните стапки на ДХВ од почетокот на 2008 година, може да се забележи дека истите бележат тренд на континуирано зголемување. Илустративно, каматната стапка на 3-месечните државни записи постигната на аукциите во јануари 2008 година изнесуваше 5,10% додека пак, истата постигната на аукциите во април 2008 година е зголемена за еден процентен поен, и изнесува 6.10%. Кај 6-месечните државни записи каматна стапка во јануари 2008 година изнесуваше 5,37%, додека пак, истата постигната на аукциите во април 2008 година е зголемена, и изнесува 6.30%. Трендот на движење на каматните стапки е идентичен и кај останатите рочности на ДХВ, односно каматните стапки на 12 месечните државни записи и 2 годишните државни обврзници од 5,68% и 6,25% во јануари, во анализираниот период достигнаа вредности од 6,50% и 6,95% респективно. Каматната стапка која беше понудена на аукцијата на 3 годишните државни обврзници во март 2008 година, изнесуваше 6,75%, додека каматната стапка реализирана на последната успешна аукција на 3 годишни државни обврзници одржана во март 2007 година, изнесуваше 7,99%.

---

* Во периодот март-април 2008 година каматната стапка на благајничките записи на НБРМ се зголеми за 0,75 процентни поени, односно истата во анализираниот период изнесуваше 6,00%.

Во анализираниот период, со исклучок на аукцијата на 3-месечни државни записи и аукцијата на 12-месечни државни записи кои беа реализирани во текот април, на сите останати аукции побарувачката е помала во однос на понудениот износ. Вкупниот износ на државни хартии од вредност кој беше понуден на аукциите во текот на месец март изнесуваше 1.200 милиони денари, а побарувачката за истите изнесуваше 648.6 милиони денари, додека во текот на април беше понуден износ од 1.250 милиони денари, а побарувачката изнесуваше 1.214,4 милиони денари. Во продолжение се деталите околу движењето на понудата и побарувачката на државните хартии од вредност во периодот март – април 2008 година:

- на првата аукција на 3-месечни ДХВ во март беше понуден износ од 250 милиони денари, а побарувачка изнесуваше 163,5 милиони денари, додека на последната аукцијата на 3-месечни ДХВ во истиот месец беше понуден износ од 300 милиони денари, а побарувачката изнесуваше 283 милиони денари. На аукцијата на 6-месечните ДХВ беа понудени 200 милиони денари, а побарувачка изнесуваше 189 милиони денари. На аукцијата на 12 месечни државни записи беше понуден износ од 250 милиони денари, а побарувачката за истата изнесуваше 12,8 милиони денари. Во истиот месец се одржа и аукција на 3-годишна државна обврзница при што беше понуден износ од 200 милиони денари а како резултат на слабата заинтересираност на инвеститорите побарувачката за истата изнесуваше 300 илјади денари;

- на првата аукција на 3-месечни ДХВ во април беше понуден износ од 400 милиони денари, а побарувачката изнесуваше 395 милиони денари, додека на последната аукција во истиот месец беше понуден износ од 400 милиони денари, при што побарувачката го достигна нивото од 407,2 милиони денари. На аукцијата на 6-месечните државни записи која беше реализирана во април беше понуден износ од 200 милиони денари, а побарувачката која беше постигната на оваа аукција изнесуваше 252 милиони денари. Во текот на месец април се одржа и аукција на 2-годишна државна обврзница. На оваа аукција беше понуден износ од 250 милиони денари, побарувачката изнесуваше 160,2 милиони денари, а со тоа и реализацијата изнесуваше 160,2 милиони денари.

Во текот на анализираниот период можат да се забележат и позитивни промени во сопственичката структура на недостасаните државни хартии од вредност. Учеството на банките во недостасаните државни хартии од вредност се намали за 3,96 процентни поени, односно од 82% во февруари на 78,04% во април, но за сметка на тоа се зголеми учеството на останатите инвеститори (пензиски фондови, осигурителни друштва, штедилници и други). Учеството на осигурителните друштва се зголеми за 0,30 процентни поени, на пензиските фондови исто така се зголеми за 0,30 процентни поени, на штедилниците се зголеми за 0,12 процентни поени, а најголемо зголемување на учеството е забележано кај категоријата други, односно истото е зголемено за 3,24 процентни поени во анализираниот период.

Учеството на физичките лица во сопственичката структура на недостасаните државни хартии од вредност е незаначително променето во истиот период.

### 1.2 Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Република Македонија

На пазарот преку шалтер кај државните записи во период март – април 2008 година, е забележано незначително тргување, односно се реализираа само две трансакции со 3-месечни државни записи. Вкупниот номинален износ на тргување изнесуваше 2 милиони денари, со просечна цена од 99,1100 и просечен принос до достасување од 6,10%. Додека пак, кај државните обврзници во горенаведениот период не се остварени трансакции.

На Македонската берза во текот на март се тргуваше со структурни обврзници со вкупен обем од 1,133 милиони евра, а вкупниот промет на тргување[1]со структурните обврзници изнесува 975,74 илјади евра или 59.72 милиони денари. Просечниот принос до достасување го достигнува нивото од 7,14%.

Вкупниот обем на тргување со структурни обврзници во април изнесува 1,395 милиони евра, а вкупниот промет на тргување со структурните обврзници изнесува 1,223 милиони евра или 75,065 милиони денари. Просечниот принос до достасување забележува ниво од 7,07%.

Во април обемот на тргување со структурни обврзници е поголем за 262 илјади евра во однос на обемот на тргување во февруари, а исто така и промет на тргување со структурните обврзници е поголем за 247,26 милиони евра во однос на јануари. Просечниот принос до достасување во април е помал за 0,07 процентни поени споредено со истиот во март. Учеството на странските инвеститори на Македонската берза кај државните обврзниците (континуирани и структурни) во април изнесува 8,39%, и во истиот период не е забележана промена во однос на учеството на странските инвеститори на македонската берза во март, додека во однос на февруари се забележува незначителна промена, односно истото е зголемено за 0,01 процентен поен.

1Прометот на тргување се добива со множење на остварената цена и обемот (номиналната вредост) на хартијата од вредност.

## ***1.3 Преглед на сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење заклучно со април, 2008 година.***

Заклучно април 2008, вкупната состојба на недостасаните структурни државни обврзници е 279,8 милиони евра, од кои 114,3 милиони евра се однесуваат на структурните државни обврзници за денационализација (шест емисии на државни обврзници за денационализација), а 165,5 милиони евра се однесуваат на структурните државни обврзници за старото девизно штедење. Вкупниот број на имателите на недостасани државни обврзници е 127490, од кои 6341 се иматели на обврзници за денационализација, а 121599 се иматели на обврзници за старото девизно штедење. Од вкупниот износ, 197,4 милиони евра или 70,55 % се во сопственост на физички лица, а 82,4 милиони евра или 29,45% се во сопственост на правни лица. Од вкупниот износ кој е во сопственост на правните лица, 34,6 милиони евра или 41,97 % се во сопственост на банките, 3,5 милиони евра или 4,19 % се во сопственост на брокерските куќи, а останатите 44,4 милиони евра или 53,84% се во сопственост на останатите правни лица.

Споредбено со февруари, соодносот меѓу физичките и правните лица во сопственичката структура на недостасани структурни државни хартии од вредност во април е незначително променет, односно зголемено е учеството на правните лица за 1.77 процентни поени, во однос на физичките лица. Промени во сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници се забележува кај правните лица. Илустративно, во април процентуалното учество на банките во сопственичката структура на правните лица изнесува 41.97%, додека истото во февруари изнесуваше 39.02% што претставува зголемување за 2.95 процентни поени. Во истиот период, процентуалното учество на брокерските куќи е незначително променето, односно истото изнесува 4.19%. Промени во сопственичката структура на недостасаните структурни обврзници во однос на февруари, се забележува и кај останатите правни лица. Процентуалното учество во сопственичката структура на останатите правни лица во април изнесува 53.84%, што претставува намалување за 2.93 процентни поени во однос на февруари, кога истото изнесуваше 56.79%.

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

# 2 ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 2.1 Примарен пазар

| | Резултати од аукции на ДХВ март 2008 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 12 месеци | 3 години |
| | DZ2008/05-91 | DZ2008/06-91 | DZ2008/03-182 | DZ2008/02-364 | DO2008/02-0311 |
| ISIN код | MKMINFDZ8056 | MKMINFDZ8064 | MKMINFDS8030 | MKMINFDY8024 | MKMINF20G143 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 | 364 | 3 години |
| Дата на аукција | 04.03.2008 | 18.03.2008 | 04.03.2008 | 18.03.2008 | 27.03.2008 |
| Дата на достасување | 04.06.2008 | 18.06.2008 | 03.09.2008 | 18.03.2009 | 31.03.2011 |
| Максимална каматна стапка | 5,50 | - | 6,00 | - | - |
| Минимална каматна стапка | 4,71 | - | 4,89 | - | - |
| Просечна каматна стапка | 5,24 | - | 5,61 | - | - |
| Каматна стапка | - | 6,10 | - | 6,50 | - |
| Купонска каматна стапка | - | - | - | - | 6,75 |
| Просечна цена | 98,6932 | - | 97,2433 | - | - |
| Цена | - | 98,4815 | - | 93,8331 | - |
| Понуда | 250.000.000 | 300.000.000 | 200.000.000 | 250.000.000 | 200.000.000 |
| Побарувачка | 163.500.000 | 283.000.000 | 189.000.000 | 12.800.000 | 300.000 |
| Реализација | 163.500.000 | 283.000.000 | 189.000.000 | 12.800.000 | 300.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | 163.500.000 | - | 189.000.000 | - | - |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | - | 0 | - | - |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | - | 1 | - | - |
| Bid to cover ratio* | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Доставени понуди | 8 | 10 | 4 | 2 | 1 |
| Прифатени понуди | 8 | 10 | 4 | 2 | 1 |

| | Резултати од аукции на ДХВ април 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 2 години |
| | DZ2008/07-91 | DZ2008/08-91 | DZ2008/04-182 | DO2008/03-0510 |
| ISIN код | MKMINFDZ8072 | MKMINFDZ8080 | MKMINFDS8048 | MKMINF20G150 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 | 2 години |
| Дата на аукција | 08.04.2008 | 22.04.2008 | 08.04.2008 | 30.04.2008 |
| Дата на достасување | 09.07.2008 | 23.07.2008 | 08.10.2008 | 05.05.2010 |
| Каматна стапка | 6,10 | 6,10 | 6,30 | - |
| Максимална каматна стапка | - | - | - | - |
| Минимална каматна стапка | - | - | - | - |
| Цена | 98,4815 | 98,4815 | 96,9133 | - |
| Купонска каматна стапка | - | - | - | 6,95 |
| Понуда | 400.000.000 | 400.000.000 | 200.000.000 | 250.000.000 |
| Побарувачка | 395.000.000 | 407.200.000 | 252.000.000 | 160.200.000 |
| Реализација | 395.000.000 | 400.000.000 | 200.000.000 | 160.200.000 |
| Bid to cover ratio* | 1 | 1,02 | 1,26 | 1 |
| Доставени понуди | 12 | 8 | 4 | 3 |
| Прифатени понуди | 12 | 8 | 4 | 3 |

*Извор: Министерство за финансии*

## *Министерство за финансии на Република Македонија*
## *Сектор за управување со јавен долг*

### Каматни стапки постигнати на аукциите на ДХВ




*Извор: Министерство за финансии*

### Побарувачка и реализација на аукциите на ДХВ април 2007 - април 2008




*Извор: Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

**Каматни стапки на 3м ДЗ јан-дек 2005, 2006, 2007 и 2008**




**Каматни стапки на 6м ДЗ јан-дек 2005, 2006, 2007 и 2008**




*Извор: Министерство за финансии*

**Реализирани ДХВ во 2007 и 2008, по месеци (без ДЗ за монетарни цели)**




**Реализирани ДХВ во 2007 и 2008, по месеци (со ДЗ за монетарни цели)**




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

**Состојба на недостасани ДХВ (без ДЗ за монетарни цели)**




**Состојба на недостасани ДХВ (со ДЗ за монетарни цели)**




*Извор: Министерство за финансии*

**Сопственичка структура на недостасани ДХВ, февруари 2008**




**Сопственичка структура на недостасани ДХВ, април 2008**




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## *Просечно време на достасување (Average time to maturity-ATM*) на портфолиото со континуирани државни хартии од вредност*




*Average time to maturity (ATM) е индикатор кој го покажува ризикот од рефинансирање кој е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг. ATM ја покажува просечната должина на време кога хартијата од вредност доспева и ја укажува сензитивноста на фондовите со фиксен приход врз промената на каматните стапки. Доколку просечната должина на време кај ATM е поголема, истата имплицира на поголемата чувствителност на промената на каматните стапки.

| | Државни записи | | Државни обврзници | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 години | | 3 години | | | |
| **Времетраење (Duration)*** | 29 февруари 2008 | 30 април 2008 | 29 февруари 2008 | 30 април 2008 | 29 февруари 2008 | 30 април 2008 | 29 февруари 2008 | 30 април 2008 |
| Просечно денови | 72,09 | 71,78 | 358,98 | 342,97 | 642,48 | 600,80 | 192,74 | 200,85 |
| Просечно години | 0,20 | 0,20 | 0,98 | 0,94 | 1,76 | 1,65 | 0,53 | 0,55 |

*Duration е индикатор кој го покажува ризикот од промената на каматните стапки. Попрецизно, овој показател покажува колку брзо промените на каматната стапка би влијаеле на трошокот на долгот, односно која е промената на вредноста на хартијата од вредност со фиксен приход како резултат од 1% промена на каматните стапки. Кај индикаторот искажан во години Duration од 5 години значи дека вредноста на хартијата од вредност би се зголемила за 5%, доколку каматните стапки се намалат за 1% и обратно.

*Извор: Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на примарен пазар




*Извор: Министерство за финансии*

## *2.2 Секундарен пазар*

### *2.2.1 Македонска берза*

**ПРЕГЛЕД НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**

| Март 2008 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 91,10 | 90,30 | 90,60 | 26.03.2008 | 141,35 | 7.842.045 | 128,14 | 8,18% |
| РМДЕН01 | 89,00 | 89,00 | 89,00 | 25.03.2008 | 2,86 | 155,63 | 2,54 | 7,89% |
| РМДЕН02 | 86,60 | 86,10 | 86,60 | 31.03.2008 | 276,3 | 14.569.938 | 237,99 | 7,99% |
| РМДЕН03 | 86,00 | 85,40 | 85,70 | 26.03.2008 | 116,33 | 6.109.592 | 99,84 | 7,44% |
| РМДЕН04 | 86,00 | 83,00 | 85,00 | 28.03.2008 | 208,39 | 10.860.926 | 177,45 | 6,98% |
| РМДЕН05 | 86,50 | 83,30 | 86,09 | 31.03.2008 | 134,46 | 6.999.998 | 114,35 | 6,03% |
| РМДЕН06 | 86,10 | 83,00 | 86,10 | 31.03.2008 | 253,17 | 13.186.357 | 215,43 | 5,47% |

| Април 2008 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 90,50 | 90,00 | 90,05 | 30.04.2008 | 346,601 | 19.150.536 | 312,097 | 8,93% |
| РМДЕН02 | 87,50 | 86,80 | 87,05 | 30.04.2008 | 570,017 | 30.460.545 | 496,223 | 7,96% |
| РМДЕН03 | 86,10 | 86,10 | 86,10 | 21.04.2008 | 60,000 | 3.171.180 | 51,660 | 7,42% |
| РМДЕН04 | 85,50 | 85,00 | 85,50 | 30.04.2008 | 55,969 | 2.936.223 | 47,819 | 6,91% |
| РМДЕН05 | 88,00 | 86,00 | 86,51 | 30.04.2008 | 116,388 | 6.209.309 | 101,160 | 5,98% |
| РМДЕН06 | 88,00 | 85,00 | 87,10 | 30.04.2008 | 246,558 | 13.137.361 | 214,198 | 5,24% |

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

**СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ПАЗАР НА БЕРЗАТА ВО 2007 И 2008**

| Странски инвеститори | Апр-07 | Мај-07 | Јун-07 | Јул-07 | Авг-07 | Сеп-07 | Сеп-07 | Ное-07 | Дек-07 | Јан-08 | Фев-08 | Мар-08 | Апр-08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници* | 11.14% | 10.33% | 10.30% | 10.22% | 10.22% | 10.32% | 8.72% | 8.58% | 8.40% | 8.39% | 8.38% | 8.38% | 8.39% |

* Состојба на крајот на секој месец, добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а која се однесува на учество на странските инвеститори во вкупната номинална вредност на обврзниците на секундарниот пазар.

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг




*Извор: Македонска берза АД Скопје*




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 2.2.2 Пазар преку шалтер

**Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДЗ во периодот април 2007 - април 2008**




*Извор: НБРМ*

**Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДО во периодот април 2007 - април 2008**




*Извор: НБРМ*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на секундарен пазар




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## 3 КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ВТОРИОТ И ТРЕТИОТ КВАРТАЛ ВО 2008 ГОДИНА

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на доставување | Денови - години на доставување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| II | Април | *DZ2008/07-91* | 08.04.2008 | 09.04.2008 | 09.07.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/04-182* | 08.04.2008 | 09.04.2008 | 08.10.2008 | 182 |
| | | *DZ2008/08-91* | 22.04.2008 | 23.04.2008 | 23.07.2008 | 91 |
| | | *DO2008/03-0510* | 30.04.2008 | 05.05.2008 | 05.05.2010 | 02 |
| | Мај | *DZ2008/09-91* | 06.05.2008 | 07.05.2008 | 06.08.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/05-182* | 06.05.2008 | 07.05.2008 | 05.11.2008 | 182 |
| | | *DZ2008/10-91* | 20.05.2008 | 21.05.2008 | 20.08.2008 | 91 |
| | Јуни | *DZ2008/11-91* | 03.06.2008 | 04.06.2008 | 03.09.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/06-182* | 03.06.2008 | 04.06.2008 | 03.12.2008 | 182 |
| | | *DZ2008/12-91* | 17.06.2008 | 18.06.2008 | 17.09.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/03-364* | 17.06.2008 | 18.06.2008 | 17.06.2008 | 364 |
| | | *DO2008/04-0611* | 26.06.2008 | 30.06.2008 | 30.06.2011 | 03 |
| III | Јули | *DZ2008/13-91* | 08.07.2008 | 09.07.2008 | 08.10.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/07-182* | 08.07.2008 | 09.07.2008 | 07.01.2009 | 182 |
| | | *DZ2008/14-91* | 22.07.2008 | 23.07.2008 | 22.10.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/04-364* | 22.07.2008 | 23.07.2008 | 22.07.2009 | 364 |
| | Август | *DZ2008/15-91* | 05.08.2008 | 06.08.2008 | 05.11.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/08-182* | 05.08.2008 | 06.08.2008 | 04.02.2009 | 182 |
| | | *DZ2008/16-91* | 19.08.2008 | 20.08.2008 | 19.11.2008 | 91 |
| | | *DO2008/05-0810* | 21.08.2008 | 25.08.2008 | 25.08.2010 | 02 |
| | Септември | *DZ2008/17-91* | 02.09.2008 | 03.09.2008 | 03.12.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/09-182* | 02.09.2008 | 03.09.2008 | 04.03.2009 | 182 |
| | | *DZ2008/18-91* | 16.09.2008 | 17.09.2008 | 17.12.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/05-364* | 16.09.2008 | 17.09.2008 | 16.09.2009 | 364 |
| | | *DO2008/06-0911* | 25.09.2008 | 29.09.2008 | 29.09.2011 | 03 |

*Извор: Министерство за финансии*

*Календарот за вториот и третиот квартал од 2008 година е индикативен и истиот може да биде предмет на измени имајќи ги во предвид поместувањата кои можат да настанат поради верските и националните празници*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 4 ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ (податоци, контакти и провизии) ****

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116-830<br>3135-206 | 3116-433 | Било кој износ | 0,10% (мин. 150 ден.) | 0,10% (мин. 150 ден.) | |
| 2 | Еуростандард банка АД Скопје | 27 Март бб. | 3224-095 | 3228-444 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% (мин300 ден.) | 300 ден. |
| 3 | Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135-367 | 3114-166 | | | | |
| 3.1 | Инвестбанка АД Скопје (за државни записи) | | | | За различни износи | Варијабилниот процент се намалува од 0,14% до 0,10% ( мин 200 ден.) | | |
| 3.2 | Инвестбанка АД Скопје ( за државни обврзници) | | | | За различни износи | | Варијабилниот процент се намлува од 0,14% до 0,10% ( мин 500 ден.) | |
| 4 | Капитал банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112-830<br>3134-060 | 3119-191<br>3124-288 | До 200,000 ден.<br>Над 200,000 ден. | 200 ден. фиксно<br>0,10% | 0,10%(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| 5 | Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122-393 | 3122-207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113-494 | 3107-107<br>3111-133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| 7 | Комерцијална инвестициона банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија б.б | 031/420-061 | 031/475-100<br>031/426-455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.) | 0,15% (мин.300 ден.) | 200 ден. За ДЗ и 300 ден за ДО |
| 8 | Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254-130<br>046/254-133 | 046/206-600<br>046/265-330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10% (минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| 9 | Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220-389<br>3163-054 | 3112-862<br>3163-354 | Не работи со клиенти | | | |
| 10 | ПроКредит банка АД Скопје | Бул. Јане Сандански 109/а | 3219-901 | 3219-900<br>3219-948 | Било кој износ | 0,10% (мин.200 ден.) | 0,10% (мин.200 ден.) | |
| 11 | Силекс банка АД Скопје | Градски sиd, блок 9. локал 5 | 3114-891<br>3224-844 | 3115-288<br>3115-880<br>3112-699 | Било кој износ | 500 ден. фиксно | 0,12% (мин. 500 ден.) | 500 ден. |
| 12 | Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207-515<br>047/207-541<br>047/207-513 | 047/207-500 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| 13 | Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114-503 | 3295-295 | Било кој износ | 0,11% (мин.400 ден.) | 0,11% (мин.400 ден.) | 250 ден. |
| 14 | ТТК Банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236-444 | 3236-400 | Било кој износ | 0,10% (мин. 200 ден.) | | 200 ден |
| 15 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 12-та Ударна бригада, б.б | 3105-630<br>3105-681 | 3105-601<br>3105-606<br>3105-694 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| 16 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286-000<br>3130-448 | 3286-100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| 17 | Т.Ц Зираат банкаси-подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110-013 | 3111-337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

**** Македонска банка за подршка на развојот а.д. Скопје не работи со клиенти

Сите информации за провизиите на банките за купување на државните записи како и на државните обврзници во име на клиенти, Министерството за финансии на својата web страна www.finance.gov.mk редовно ги ажурира по добивање на известување од банките.

## 5 КОНТАКТИ

| Име | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| м-р Маја Парнарџиева | Државен советник | 02 3106 103 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на Front Office | 02 3106 293 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| Дејан Николовски | Front Office | 02 3106 381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |
| Билјана Крушаровска | Front Office | 02 3106 171 | Biljana.Krusarovska@finance.gov.mk |
| Филип Гривчевски | Front Office | 02 3106 774 | Filip.Grivcevski@finance.gov.mk |